20260981499

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 34 СТАВ (1) ТОЧКА 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 44/1999, 59/1999, 86/1999, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 45/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 И 198/18 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25, 247/25 И 267/25)

Членот 34 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/1999, 59/1999, 86/1999, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 45/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25, 247/25 и 267/25), гласи:

„(1) Правото на одбивка според член 33 на овој закон може да се оствари:

1. Ако даночниот обврзник ги употребува набавените или увезените добра, односно примените услуги за цели на неговата стопанска дејност;

2. Врз основа на фактура која е издадена во согласност со членовите 53 и 53-б од овој закон или фискална сметка чиј вкупен промет не надминува 6.000 денари издадена согласно со Законот за регистрирање на готовински плаќања, или царинска декларација во која е посебно искажан платениот данок за увозот или актите и извештаите од членот 53 став (2) од овој закон и ако тие документи се евидентирани во книговодството на даночниот обврзник.

(2) Правото на одбивка на претходниот данок настанува во моментот, во кој се исполнети сите услови според член 33 на овој закон и според став 1 од овој член.

(3) Министерот за финансии се овластува да донесе поблиски прописи во врска со тоа, во кои случаи и под кои услови може, за цели на поедноставување на правото на одбивка на претходниот данок, да се откаже од обврската на издавање фактура во смисла на член 53 на овој закон или на поединечни податоци во истата."

Одредбата од членот 34 став (1) точка 2, во делот „фактура која е издадена во согласност со членовите 53 и 53-б" треба да се толкува така што под фактура се подразбира секој документ или комплет на документи во хартиена или електронска форма кој ги издава даночниот обврзник или друго лице по негов налог, а кој се однесува на оданочив промет на добра или услуги извршен спрема друг даночен обврзник, при што тој документ треба да ги содржи сите податоци пропишани со членот 53 став (10) од законот.

Оттука, за фактура во смисла на членот 34 став (1) точка 2 се смета, фактура во хартиена или електронска форма како и секој друг документ или комплет на документи издадени согласно со членовите 53 и 53-б од законот, доколку тој документ, сам по себе или во комбинација со придружната документација, ги содржи сите податоци пропишани со членот 53 став (10) од Законот.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3273/1
7 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.